# З А К О Н
# ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИОДИФУЗИЈА
## Редакциски пречистен текст[1]

### Член 1

Со овој закон се уредува основањето, дејноста и организацијата на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија.

### Член 2

Јавното претпријатие од член 1 на овој закон врши дејност од јавен интерес во областа на електронските комуникации.

Јавното претпријатие Македонска радиодифузија дејноста ја врши под услови и начин определен со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за електронски комуникации, Законот за јавните претпријатија, со овој закон и други закони.

### Член 3

Јавното претпријатие има својство на правно лице.

Средствата на Јавното претпријатие се во државна сопственост.

### Член 4

Јавното претпријатие ќе работи под фирма: "Јавно претпријатие Македонска радиодифузија - Скопје" (во натамошниот текст: Јавното претпријатие).

Седиштето на Јавното претпријатие е во Скопје.

### Член 5

Дејности на јавното претпријатие се:

- пренос и емитување на програмите и програмските сервиси што ги обезбедува јавниот радиодифузен сервис Македонска радиотелевизија (во натамошниот текст: МРТ), согласно со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
- за потребите на МРТ експериментално пренесува и емитува програми и/или програмски сервиси,
- обезбедува дополнителни услуги за емитување или пренос на програми и/или програмски сервиси на различни видови технолошки платформи, врз основа на одобрена студија од страна на Владата на Република Северна Македонија,

[1] Редакциски пречистениот текст на Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска Радиодифузија ги опфаќа: основниот текст на Законот, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.6/98, Законот за изменување на Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска Радиодифузија, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.98/00, Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска Радиодифузија, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.48/09, Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска Радиодифузија, објавен во “Службен весник на РСМ“ бр.143/19, Законот за дополнување на Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска Радиодифузија, објавен во “Службен весник на РСМ“ бр.152/19 и Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска Радиодифузија, објавен во “Службен весник на РСМ“ бр.144/25, во кои е означено времето на нивното влегување ви сила и примена.

- контрола и мерење на квалитетот и покриеноста на територијата на Република Северна Македонија на програмските сервиси кои ги пренесува и емитува јавното претпријатие,
- обезбедува оптичка инфраструктура и придружни средства за потребите на операторите за нивно агрегациско поврзување со пристапни broadband мрежи,
- поврзување на институциите од јавниот сектор и локациите за бесплатен WiFI интернет пристап во единиците на локалната самоуправа на Националната оптичка транспортна мрежа,
- обезбедување на пристапни broadband мрежи и средства во областите каде нема доволен комерцијален интерес за инвестиции за ваков вид на мрежи, со цел операторите истите да ги користат за на крајните корисници да им обезбедат broadband пристап до интернет и други услуги,
- контрола, мерење на квалитетот и управување со мрежите и придружните средства,
- обезбедува и други јавни електронски комуникациски мрежи и услуги согласно со Законот за електронските комуникации.

Студијата од ставот 1 алинеја 3 на овој член, јавното претпријатие ја изготвува во соработка со јавниот радиодифузен сервис.

Јавното претпријатие дејностите од ставот 1 алинеи 5 и 6 на овој член ги извршува преку изградба, развој и управување со Национална транспортна оптичка инфраструктура/мрежа (НТОМ).

Дејностите утврдени во ставот 1 алинеи 5, 6 и 7 на овој член, јавното претпријатие ги врши согласно со Законот за електронските комуникации, правилата за државна помош и препораките на Европската Унија за државна помош за бродбенд, како и стратешките документи и планови од областа на електронските комуникации, донесени од страна на Владата.

За извршување на дејностите утврдени со овој член, јавното претпријатие особено користи географски информациски систем, софтвер за планирање и дизајнирање на мрежи, платформа за мапирање на институциите од јавниот сектор и локациите за бесплатен WiFI интернет пристап.

## Член 6

Јавното претпријатие се организира така што дејноста заради која е основано да ја врши на начин со кој се обезбедува:

- техничко-технолошко единство на системот;
- ефикасност во работењето, како и усогласеност на сопствениот развој со севкупниот развој;
- заштита и унапредување на добрата од општ интерес;
- транспарентност и недискриминација во работењето,
- трајно, уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците на услугите и
- функционална поврзаност со радиодифузните системи на другите земји во светот во согласност со меѓусебни договори што ги склучила, односно им пристапила Република Македонија.

## Член 7

Јавното претпријатие дејностите утврдени во членот 5 алинеи 1 и 2 од овој закон ги врши преку:

- три радио мрежи на ултра кратки бранови (ВХФ/ФМ),

- една радио мрежа на средни бранови ( СБ ),
- три телевизиски мрежи ( ВХФ и УХФ ),
- дигитален мултиплекс ( ДВБ – Т ) и
- мрежа на микробранови аналогни и дигитални преносни врски.

Изградбата на мрежата од ставот 1 алинеја 4 на овој член наменета за пренос и емитување на програмските сервиси на МРТ и за пренос на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија ја врши Јавното претпријатие врз основа на студија за изградба на дигитална мрежа одобрена од Владата на Република Македонија.

**Член 8**

Јавното претпријатие се грижи за обезбедување, оптимална чујност и гледаност на програмските сервиси на МРТ, што се емитуваат преку мрежите од членот 7 од овој закон.

**Член 9**

Органи на Јавното претпријатие се: Управен одбор, Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење, директор и заменик директор.

**Член 10**

Управниот одбор се состои од седум членови.

Членовите на Управниот одбор ги именува и разрешува Владата на Република Македонија.

За член на Управен одбор може да биде именувано лице кое има завршено високо образование од областа на електротехничките науки, правото или економијата со работно искуство над пет години и со посебни знаења од областа на радиодифузијата и електронските комуникации, а притоа имајќи ја предвид соодветната застапеност на припадниците на заедниците.

Членовите на Управниот одбор не можат да имаат лично, или преку трето лице или по која било основа интереси во претпријатие или трговско друштво кое е во деловни односи со Јавното претпријатие, кои би можеле да имаат какво било влијание на нивната независност и непристрасност во одлучувањето во Јавното претпријатие.

За член на Управниот одбор не може да биде избран претседателот и член на Владата на Република Македонија, претседателот и член на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, лице вработено во радиодифузна организација или во државни органи, членови на раководствата на политичките партии, како и лица кои имаат удели, акции или други економски интереси во радиодифузните организации.

Членовите на Управниот одбор се избираат за време од четири години.

**Член 11**

Управниот одбор на Јавното претпријатие ги врши следниве работи:

- го донесува Статутот на Јавното претпријатие по претходна добиена согласност од Владата на Република Македонија,
- го донесува Правилникот за внатрешна организација, Правилникот за систематизација на работните места, Правилникот за плати и други надоместоци и другите акти на Јавното претпријатие,

- ја усвојува Годишната програма за работа и развој на Јавното претпријатие по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија,
- одлучува за употреба на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие и покривање на загубите по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија,
- ја усвојува годишната сметка по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија,
- го усвојува годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија,
- ги усвојува кварталните извештаи и шестмесечните извештаи за работа на Јавното претпријатие по претходно добиено мислење на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење,
- го усвојува Ценовникот на услуги на Јавното претпријатие по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија,
- го избира и разрешува директорот на Јавното претпријатие врз основа на јавен конкурс,
- донесува деловник за својата работа и
- врши други работи утврдени со Статутот на Јавното претпријатие.

***Членот 12 е избришан, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија ("Службен весник на РМ" бр.48/09).***

**Член 13**

За вршење на контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие се формира Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење (во натамошниот текст: Надзорниот одбор) од пет члена.

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор не може да биде подолг од четири години.

Членовите на Надзорниот одбор ги именува, односно разрешува Владата на Република Македонија.

За членови на Надзорниот одбор можат да се именуваат лица со високо образование кои поседуваат знаења и искуство од дејноста на финансиското и сметководственото работење.

Надзорниот одбор работите од својата надлежност ги врши во согласност со одредбите на Законот за јавните претпријатија, овој закон и Статутот на Јавното претпријатие.

**Член 13-а**

На членовите на Управниот одбор и на Надзорниот одбор им следува надоместок.

**Член 14**

Со работата на Јавното претпријатие раководи директор кој го избира и разрешува Управниот одбор.

Управниот одбор на Јавното претпријатие избира и разрешува и заменик директор.

Директорот и заменик директорот се избираат за време од четири години.

За директор на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови и тоа:

1) е државјанин на Република Северна Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

4) има минимум пет години работно искуство во областа на радиодифузијата или електронските комуникации и

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за

активно познавање на англискиот јазик:

- ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода,
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и/или
- сертификат, уверение и/или потврда со кои се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици во Европската Унија (англиски, француски или германски) на најмалку ниво Б2 (B2) од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или од странство, регистрирана како давател на услуга.

Постапката на избор на директорот поблиску се уредува со Статутот на Јавното претпријатие.

Ставовите 4 и 5 се однесуваат и на заменик директорот.

**Член 15**

Директорот на Јавното претпријатие:

- го застапува и претставува Јавното претпријатие,
- ја организира работата на Јавното претпријатие,
- го обезбедува спроведувањето на одлуките и заклучоците на Управниот одбор,
- ја предлага програмата за работа и развој и учествува во спроведувањето на истата,
- го предлага Статутот, Правилникот за внатрешна организација и другите акти на Јавното претпријатие,
- го предлага Ценовникот на Јавното претпријатие,
- предлага критериуми за користење и располагање со средствата и употребата на средства остварени со работењето на Јавното претпријатие,
- доставува квартални извештаи кои содржат показатели за финансиското работење до Владата на Република Македонија,
- доставува шестмесечни извештаи до Управниот одбор,
- доставува годишен извештај за работењето на Јавното претпријатие до Владата на Република Македонија и
- врши други извршни работи во врска со работата и работењето на Јавното претпријатие утврдени со Сатутот.

Директорот за својата работа одговара пред Управниот одбор на Јавното претпријатие.

Директорот склучува договор со Управниот одбор за уредување на односите со Јавното претпријатие, со кој поединечно се утврдуваат правата, обврските и овластувањата согласно со закон.

Во извештајот од ставот 1 алинеја 10 на овој член директорот е должен да достави податоци за видот и обемот на завршените работи при извршувањето на дејноста на Јавното претпријатие, како и податоци за финансиското работење во наведениот период.

Директорот на Јавното претпријатие се разрешува пред истекот на мандатот под услови и на начин утврдени со Законот за јавните претпријатија.

Одредбите од ставот 2, 3 и 5 се однесуваат и на заменик директорот на Јавното претпријатие.

**Член 16**

Средствата за работењето и развојот на Јавното претпријатие се обезбедуваат од финансиските средства обезбедени од Буџетот на Република Македонија, од приходите кои се остваруваат со обезбедување на јавни електронски комуникациски услуги во кои не е опфатен преносот и емитувањето на програмските сервиси на МРТ, од кредитни средства, донации и од други извори во согласност со закон.

Обезбедувањето на јавните електронски комуникациски услуги кои не се наменети за вршење на пренос и емитување на програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис МРТ Јавното претпријатие ќе го врши со надоместок по цени утврдени во Ценовникот на Јавното претпријатие.

Јавното претпријатие е должно да води посебна сметководствена евиденција за активностите поврзани со обезбедување на јавните електронски комуникациски услуги кои не се наменети за вршење на пренос и емитување на програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис МРТ на начин и постапка утврдени со Законот за јавните претпријатија и друг закон.

Средствата за работење и развој на јавното претпријатие треба да обезбедат вработувања и обуки на високо стручни кадри и неопходни технички, просторни и транспортни капацитети, со цел јавното претпријатие да може да ги исполни дејностите од членот 5 од овој закон.

Склучените договори за обезбедување на јавни електронски комуникациски услуги треба да се базираат на почитување на принципот на транспарентност и недискриминација како и правилата за државна помош и препораките на Европската Унија за државна помош за бродбенд.

За користењето на слободна оптичка инфраструктура изградена со јавни средства, јавното претпријатие склучува долгорочен договор за користење со субјектот кој управува со истите, врз претходно добиена согласност од страна на Владата.

**Член 16-а**

Ценовникот на Јавното претпријатие од членот 16 став 3 на овој закон го усвојува Управниот одбор на Јавното претпријатие по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија.

Јавното претпријатие пред усвојувањето на Ценовникот од ставот 1 на овој член, истиот го доставува на мислење до Агенцијата за електронски комуникации и до Комисијата за заштита на конкуренцијата. Доколку Агенцијата за електронски комуникации и до Комисијата за заштита на конкуренцијата не го достават мислењето во рок од 15 дена ос денот на приемот на барањето за добивање на мислење, ќе се смета дека мислењето е позитивно.

Ценовникот од ставот 1 на овој член се објавува на веб страницата на Јавното претпријатие во рок од пет дена од денот на неговото влегување во сила.

**Член 16-б**

Јавното претпријатие донесува Годишна програма за работа и истото е должно да ја достави до Владата на Република Македонија најдоцна до 30 октомври во тековната година, а којашто се однесува за наредната година и истата особено треба да содржи:

- програма за работа за наредната година со планирани активности особено за исполнување на обврските согласно со овој закон и
- финансиски план за наредната година кој ги содржи планираните приходи и расходи за наредната година групирани по структура, како и предвидени капитални инвестиции за наредната година.

Финансискиот план од ставот 1 алинеја 2 на овој член го одобрува Владата на Република Македонија најдоцна до 31 декември во тековната година.

Годишната програма за работа на јавното претпријатие особено содржи посебен преглед на активности за спроведување на мерките утврдени во донесените стратешки документи и планови од страна на Владата.

Јавното претпријатие е должно да донесе Годишен извештај за работа за претходната година, кој е должно да го достави до Владата на Република Македонија заради добивање на согласност најдоцна до 31 март во тековната година и истиот особено треба да содржи:

- извештај за реализација на програмата за работа од претходната година,
- финансиски извештај за реализација на финансискиот план од претходната година и годишна сметка, со податоци за реализирани приходи, расходи, побарувања и обврски од претходната година групирани по структура и
- ревизорски извештај од независен овластен ревизор и ревизорски извештај од Државниот завод за ревизија, доколку е извршена ревизија од него, како и ставот на претпријатието во однос на резултатите од извршената ревизија.

Во прилог на годишниот извештај за работа на претпријатието за претходната година се доставува и усвоената годишна програма за работа за претходната година.

***Членот 17 е избришан, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија ("Службен весник на РМ" бр.48/09).***

**Член 18**

Со Статутот на Јавното претпријатие поблиску се уредува организацијата, управувањето и раководењето со Јавното претпријатие, општите акти и постапката за нивно донесување, како и други прашања од значење за Јавното претпријатие.

**Член 19**

Дел од вработените, средствата, правата и обврските на постојното Радиодифузно претпријатие Македонска радио телевизија, ги презема Јавното претпријатие со состојба на 31 декември 1997 година, врз основа на делбен биланс изготвен од страна на Комисија формирана од Владата на Република Македонија.

**Член 20**

Именувањето на членовите на Управниот одбор, Одборот за контрола и директорот на Јавното претпријатие и донесувањето на Статутот ќе се изврши во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 21**

До конституирањето на Јавното претпријатие ќе се применуваат постојните општи акти, а директорот и другите органи на постојното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија, ќе продолжат да ги вршат работите од својата надлежност.

**Член 22**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Одлуката за организирање на работната организација Радио-Телевизија Скопје како Јавно претпријатие ("Службен весник на СРМ" број 10/90) во делот за предаватели и врски.

**Член 23**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**ОДРЕДБА**
**од Законот за изменување на Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија („Службен весник на РМ"бр.98/00)**

**Член 2**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**ОДРЕДБИ**
**од Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија („Службен весник на РМ"бр.48/09)**

**Член 16**

Статутот на Јавното претпријатие ќе се усогласи со одредбите на овој закон во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Постојните договори за закуп склучени меѓу Јавното претпријатие и корисниците на услугите во делот на одредбите за цените ќе се усогласат со Ценовникот од членот 13 став 3 на овој закон во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на истиот.

Доколку договорите за закуп не се усогласат во рокот од ставот 2 на овој член, истите престануваат да важат.

Средствата за изградба на дигиталниот мултиплекс (ДВБ - Т) од членот 4 став 1 алинеја 4 на овој закон, се обезбедуваат од средствата обезбедени за оваа намена во Буџетот на Република Македонија за соодветната година, во период од три години од влегувањето во сила на овој закон.

**Член 17**

Со влегувањето во сила на овој закон му престанува мандатот на постојниот заменик-директор на Јавното претпријатие.

**Член 18**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

## ОДРЕДБИ
## од Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија
## (“Службен весник на РСМ“бр.143/19)

**Член 12**

Директорот на Јавното претпријатие избран до денот на влегувањето во сила на овој закон продолжува да ги врши работите на директор на ова јавно претпријатие до истекот на мандатот за кој е избран.

**Член 13**

Јавното претпријатие ќе го усогласи Статутот со одредбите на овој закон во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 14**

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 15**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

## ОДРЕДБА
## од Законот за дополнување на Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија
## (“Службен весник на РСМ“бр.152/19)

**Член 2**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**ОДРЕДБА**
**од Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија**
**(“Службен весник на РСМ“бр.144/25)**

**Член 2**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна  Македонија”.